Согласно член 35 став (1) алинеја 7 од Правилата за котација го објавуваме следново:

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## за судска постапка

Врз основа на Законот за хартии од вредност известуваме дека на ден 05.03.2018 година, друштвото Топлификација АД Скопје има примено пресуда од Врховен Суд Рев1бр.197/2017 година со која **ревизијата на тужителот (Топлификација АД) се усвојува**, се преиначува пресудата од Апелациониот суд Скопје ТСЖ-133/17 од 22.05.2017, односно жалбата на тужениот се одбива како неоснована и се потврдува Пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје 5 ТС-212/16 од 02.11.2016 година.

1. Вредност на судската постапка (спор) е главен долг 383,623,254 денари, што претставува 12.8 % од вредноста на капиталот (вкупни средства) на друштвото.
2. Акционерското друштво во судската постапка се јавува како тужител.
3. Назив на спротивната странка во судскиот спор е Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје.

Согласно пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-212/16 од 02.11.2016 година, судот го усвои тужбеното барање на Топлификација АД Скопје и го задолжи ТЕ-ТО АД Скопје во рок од осум денови од приемот на пресудата да и исплати на Топлификација АД Скопје главен долг во износ од 383,623,254 денари и законска казнена камата од датумот на доспевање на главниот долг по секој договор за заем до неговата исплата.